


Центар за усогласување со прописите и интегритет на НЛБ Банка го зајакнува својот тим на успешни професионалци и нуди можност за работење во Сегментот за спречување на перење пари.

Доколку имаш желба и амбиција да се приклучиш на АМЛ тимот и заедно да ги споделуваме предизвиците на работењето на сегментот на заштита од перење пари и финансирање тероризам, те мотивираме да се пријавиш на отворената работна позиција:

# Лице за контрола на усогласеност на работењето на Банката со прописите

## Сегмент за спречување на перење пари

**Улога во тимот:**

- Следење и тестирање на ризиците од неусогласеноста на работењето на Банката со прописите;
- Анализа од аспект на примената на правилата и обврските кои произлегуваат од Законот за спречување на перење пари и Законот за рестриктивни мерки;
- Развој и имплементација на мерки за намалување на ризикот од перењето пари;
- Подготовка на интерни акти и контрола на примената на интерните акти за примена на регулативата за спречување на перење пари и финансирање тероризам;
- Вршење анализа на сомнителни трансакции и подготвување на извештаи за сомнителни трансакции;
- Учество во едукација на вработените во Банката;
- Континуирано и ефикасно советување на Менаџментот на Банката.

**Твојот профил:**

- Универзитетско образование;
- Работно искуство од минимум 2 години во сегментот за спречување на перење пари;
- Добро познавање на регулативата за спречување на перење пари и финансирање тероризам;
- Високо ниво на пишуван и говорен англиски јазик;
- Желба и ентузијазам за учење.

**Твој мотив да ни се придружиш:**

- Препознатлив регионален бренд и современо работно опкружување;
- Меѓусебната доверба и грижа за другиот се основни начела во работењето;
- Напредна обука и индивидуален кариерен развој; менторство од врвни банкарски експерти;
- Позитивна организациска култура базирана на флексибилно работно време и слободни денови за различни пригоди;
- Континуирано учество во групациски корпоративни проекти;
- Конкурентен пакет на плата и надоместоци (вклучително приватно здравствено осигурување и трет пензиски фонд).

* Ќе се цени доколку потенцијалниот кандидатот има сертификат за работа со класифицирани информации степен “Доверливо”.

Потврди го твојот интерес со доставување на мотивациско писмо во кое ќе ги образложиш амбициите, мотивите и начините на придонес на наведеното работно место како и кратка биографија (CV) најдоцна до **16.02.2024** на NLBKariera@nlb.mk со назнака за **Лице за контрола на усогласеност на работењето на Банката со прописите.**

NLB Banka